| 421320 | Телефон и телефакс | 28,000 | 0 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 20,000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 10,000 | 0 | 0 | 10,000 | 0 | 0 | 10,000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **640,000** | **0** | **540,000** | **94,000** | **0** | **0** | **634,000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 60,000 | 0 | 30,000 | 30,000 | 0 | 0 | 60,000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 450,000 | 0 | 450,000 | 0 | 0 | 0 | 450,000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 75,000 | 0 | 30,000 | 39,000 | 0 | 0 | 69,000 |
| 423990 | Други материјали | 55,000 | 0 | 30,000 | 25,000 | 0 | 0 | 55,000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **187,000** | **0** | **100,000** | **107,000** | **0** | **0** | **207,000** |
| 424210 | Одржување на згради | 180,000 | 0 | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 200,000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 7,000 | 0 | 0 | 7,000 | 0 | 0 | 7,000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **437,600** | **0** | **50,000** | **260,500** | **0** | **0** | **310,500** |
| 425420 | Примарна здравствена заШтита | 10,600 | 0 | 0 | 10,500 | 0 | 0 | 10,500 |

## БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 74,481,000 | 28,274,000 | 1,064,000 | 33,728,000 | 3,497,000 | 0 | 66,563,000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 427,000 | 0 | 50,000 | 250,000 | 0 | 0 | 300,000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **127,900** | **0** | **50,000** | **75,000** | **0** | **0** | **125,000** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 15,000 | 0 | 10,000 | 10,000 | 0 | 0 | 20,000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 6,000 | 0 | 5,000 | 5,000 | 0 | 0 | 10,000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 106,900 | 0 | 35,000 | 60,000 | 0 | 0 | 95,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **270,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **464** | **Разни трансфери** | **270,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 464990 | Други трансфери | 270,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **7,500** | **0** | **0** | **7,500** | **0** | **0** | **7,500** |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **7,500** | **0** | **0** | **7,500** | **0** | **0** | **7,500** |
| 480190 | Купување на друга опрема | 7,500 | 0 | 0 | 7,500 | 0 | 0 | 7,500 |
| VA0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 240,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **240,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **110,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **130,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 5,000 | 35,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5,000** | **5,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000** |
| **426** | **Други тековни расходи** | **5,000** | **5,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 5,000 | 5,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **30,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30,000** |
| **464** | **Разни трансфери** | **0** | **30,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30,000** |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 |

10

Член 4

Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година влегува во сила со денот на објавувањето во Служен весник на Општина Вевчани, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

**Бр. 08-41/7**

**16.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

**Образложение на буџет**

Почитувани,
Во согласност со моите обврски, кои произлегуваат од член 50 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службенвесникна РМ" број 5/2002), , член 14 став 3 од Законот за буџетите (,,Сл.весникна РМ,,број 64/05 ,4/08 ,103/08, 156/09 ,95/10 ,180/11 , 171/12 , 192/15и 167/16) и (Службен весник на РСМ" број 15/21)и член 27 став 5 алинеја 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ број 61/04, 96/04 , 67/07 , 156/09 ,47/11, 192/15и 209/18 ), и Сл Весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, ,150/21, 173/22и 170/24) и член 2 , точка 4 од Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Вевчани (Службен гласник на Општина Вевчани број 2/2008), го поднесувам следново образложение на предлог буџетот за **2025** година**.**

Образложението има за цел да ја објасни финансиската политика на Општина Вевчани во текот на наредната 2025година.

Образложението содржи технички објаснувања на цифрите во Буџетот на Општина Вевчани за **2025**година.

Буџетот за **2025**година е изготвен во согласност со законскитеодредби и насоките за подготовка на буџетот за **2025**година на единиците на локална самоуправа кои се доставени од министерот за финансиидо градоначалникот на Општина Вевчани.

Буџетот наОпштина Вевчани за **2025**година изненесува **66.563.000**денари и се состои од:
-Биланс на приходи,
-Биланс на расходи,
-Биланс на капитални расходи,
-Биланс на тековно оперативни расходи
-Функционални расходи на ниво на подпрограми
-Буџетски расходи по функции на ЕЛС,
-Посебен дел во кои се распоредени расходите по програми и подставки од каде може поконкретно да се види намената на средствата.

Составен дел на овој буџет се глобални проекции на буџетот на општината за **2026** и **2027г**одина и за истите се подготвени биланси на приходи и расходи.

Билансот на приходи проектиран е на износ од **66.563.000**денари.

Видовите на приходи кои го сочинуваат билансот произлегуваат од законските одредби на Законот за финансирање на ЕЛС.
Висината на приходите во билансот е резултат на постојаните анализи кои се прават во одделението финансиски прашања на Општина Вевчани.
Анализата има за цел да го анализира трендот на наплата на приходите во тековната 2024 и изминатите години.

Билансот на расходи изнесува **66.563.000**денари ги опфаќа следниве подпрограми преку кои ќе се одвива реализацијата на средствата и тоа:

**ПрограмаСовет на општина- А00**

- Средства за надоместок за присуство на седница на совет
- Средства за резерви и недефинирани расходи (постојана и тековна резерва)

**Програма Изборни активности и референдуми - А10**

- **Средставата се наменети за финансирање на локални избори 2025 година**

**Програм аГрадоначалник-Д00**

- Плата и придонеси од плата за градоначалникот на општината
- Средства за резерви и недефинирани расходи
- Стоки и услуги
- Трансвери и субвенции за јавни претпријатија
- Социјални бенефиции (помош за новороденчиња, социјална помош субвенции за првачиња, и полуматуранти)

**Програма Општинска администрација- Е00**

- -плати и придонеси од плати за општинска администрација
- -стоки и услуги (патни расходи, телефон, пошта, гориво канцелариски материјали, материјали за АОП, прехрамбени продукти и пијалоци, ситен инвентар, поправки и одржување договорни услуги, други оперативни расходи, )
- Привремени вработувања
- Субвенции и трансвери

**Програма Капитални трошоци на општина -ЕАО**

- Купување на опрема и машини
- Подготвување на проети -75.000 денари
- Надзор над изградба -50.000,00 денари
- Набавка на комјутерски софтвер

**Програма Подршка на локален економски развој -Г10**

- Геодетски снимања и мерења во вредност од 50.000.00 денари

**Програма Јавно осветлување -Ј30**

- -средства за плаќање на електрична енергија за улично осветлување
- -средства за набавка на светилки за улично осветлување,

**Програма Одржување и заштита на локални улици и патишта -Ј60**

- -Средства наменети за одржување на улиците во општината

**Програма- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици-ЈД0**

- Средства за реконструкција на улици- од 3.086.000,00 денари (2.451.000 денари реконструкција на улица Плушкој , капитален трансвер од Влада на РСМ)
- Средства за подготвување на проекти за дизајн на улици -200.000денари
- Надзор над изградба-30.000

**Програма - Изградба на системи за преЧистување И одведување на одпадни води-ЈИ0**

- Средсва наменети за изградба на канализациони линии-.-1.892.000денари(капитален трансвер од влада на РСМ за изградба на каланизација-1.502. 000 денари )
- Надзор над изградба -40.000 денари

**Програма - Јавна чистота капитални расходи-ЈК0**

- Средствата се наменети за измирување на обврска за набавено возило за собирање на комунален смет во 2024 година.

**Програма - Културни манифестации и творештво- К40**

- Средства за организирање на културни манифестации
- Вевчанско културно лето
- Трансвери до здрузенија на граѓани

**Програма Спорт и рекреација-Л00**

- Трансвери до спортски клубови
-

**Програма-Спорт и рекреација-КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ-ЛА0**

- Средствата се наменети за реконструкција на детско игралиште (капитален трансвер од влада на РСМ во износ од 2.431.000 денари)

**Програма- Основно образование- Н10**

- Средства за плати и материјални трошоци на ОУ"Страшо Пинџур,, Вевчани.

**Програма -Заштитана животна средина капитални расходи Ђ Р 10 и програма РАО**

- Сретства наменети за реализација на проектот ПОНТ-Преспа -Охрид натуре. Подготовка на плански активности за споменик на природата Вевчански извори

**Програма-Детска заштита -Б10**

- Средства за плати и материјални трошоци на Ј.У.Д.Г"Планински цвет Вевчани.

**Програма Ђ**Родова еднаквост-ЏОО

- Средства се наменети за реализација на програмата и акциониот план за родова рамноправност
- Средсва за младински совет.

Градоначалникот на општината се обврзува дека ќе ги преземе сите законски мерки за наплата на приходите на општината, а од друга страна се обврзува дека средствата ќе се трошат според буџетските цели и начела односно ќе се почитува принципот на економичност, ефективност и транспаренноство трошењето на јавните средства на граѓаните на Општина Вевчани.

Со почит,

**Бр. 05-**

**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНАВЕВЧАНИ**

**Градоначалник,**

**Спасе Кочовски**

Изготвил

Јасмина Ѓоргиевска

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за буџети (Сл весник на Р. Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и(Сл.весник на РС. Македонија бр.151/21) и член 2 точка 4 од Одлуката за измена и дополнување на статутот на Општина Вевчани(Службен гласник на Општина Вевчани бр. 2/08) Советот на Општина Вевчани на 18 -та седница одржана на ден 16.12.2024 донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Општина Вевчани**
За **2024** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаОпштина Вевчани за 2024 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| **A00 СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 190,000 | 0 | 0 |
| | **0** | **190,000** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 25,500 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 164,500 | 0 | 0 |
| | **0** | **190,000** | **0** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Вевчани и станува составен дел на буџетот на Општина Вевчани за 2024 година .

Бр.

Претседател на Советот на Општината
**Леон Даскалоски**

**Бр. 08-41/4**
**16.12.2024 год.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА 2024 ГОДИНА**

Буџетот на Општина Вевчани за 2024 со одлуката за проширување на средства се зголемува од74.481 .000денари на74.671.000 денари.

**1.**

| | **Буџет 2024** | **Одлука за проширување (1) 2024** |
|---|---|---|
| **Приходи** | 74.481.000 | 74.671.000 |
| **Расходи** | 74.481.000 | 74.671.000 |

**2.**Во билансот на приходи на сметка дотации на Општина Вевчани се вршат следните измени прикажани во табелата :

| **Подставка** | **Назив на ставка** | **Буџет 2024** | **Разлика( +,-)** | **Одлука за проширување (1) 2024** |
|---|---|---|---|---|
| 741120 | Блок дотации на општина | 32.052.000 | 190.000 | 32.242.000 |
| **Вкупно** | | **32.052.000** | **190.000** | **32.242.000** |

12. Во расходниот дел на буџет на Општина Вевчани сметка дотации се вршат следните измени во рамки на програма Н10 –Основно образование . Средствата се наменети за исплата на други надоместоци на вработени, персолален данок и други оперативни расходи .

**13.**

| **Подставка** | **Назив на ставка** | **Буџет 2024** | **Разлика( +,-)** | **Одлука за проширување (1) 2024** |
|---|---|---|---|---|
| 464990 | Други трансвери | 0 | 164.500 | 164.500 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 363.000 | 25.500 | 388.500 |
| **Вкупно** | | **363.000** | **190.000** | **553.000** |

**Бр. 05-834/1**
**16.12.2024 год**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник ,**
**Спасе Кочовски**

Изготвил: Јасмина Ѓоргиевска

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет(Сл.весник на РМ број 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10 , 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17, 7/19) и (Сл. Весник на РСМ бр. 31/20 и 39/22) , Советот на Општина Вевчани на својата 18 седница одржана на ден 16.12.2024 година донесе :

**ОДЛУКА**
**за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**

**член 1**

Со оваа одлука се утврдува денарски благајнички максимум за 2025 година во износ од 20.000,00 денари.

**член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Вевчани ,,а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

**Бр. 08-41/5**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 88 став 2од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 , 215/21 и 99/22),Советот на општинаВевчани на **18** седницаодржана на ден16.12.2024донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платитена државните службеници за 2025 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот запресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2025година до 31.12.2025година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваaодлукавлегува во сила со денот на објавувањето во „Службенгласник на општинаВевчани“.

**Бр. 08-41/6**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 , 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“број 151/21),член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 ,14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20 и 172/21),

Советот на Општина Вевчани на 18 седницата одржана на ден 16.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, а основица за пресметување на плата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за предходната

година според податоците на Државниот завод за статистика.

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Вевчани, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставaт барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да доставaт известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува **10% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.**

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.
Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци ,под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето-плата исплатена кај работодавачот.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата" .
На вработениот во општината, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му се исплаќа парична помош во износ на една просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.
Горе наведените надоместоци кои се однесуваат на вработени во локалните јавни установи се исплаќаат во согласност со одредбите од Општ колективен договор за јавен сектор. Исплатата ќе се врши од програма ЕО – општинска администрација, Н1 –основно образование и В2 –социјална заштита и заштита на деца ,расходно конто 464990- други трансвери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.



**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Вевчани се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Вевчани”, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

**Бр. 08-41/8**
**16.12.2024 год.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Совет на Општина Вевчани,**
**Леон Даскалоски**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година**

Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина **Вевчани** за 2025 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општина **Вевчани**, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината **Вевчани** со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина **Вевчани** се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Врз основа на член 114-аод Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/2019, 275/19, 311/20 и 294/21), и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), Советот на Општина Вевчани на осумнаесеттата седница одржана на 16.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за именување член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Планински цвет “ Вевчани како претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади**

1. За член на Управен одбор на Јавната општинса установа за деца - детска градинка „Планински цвет“ – Вевчани, како претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади, СЕ ИМЕНУВА:

1. Теодора Попеска

2. Ова решение влегува во силасо денот на неговото објавување во “Службен гласник на Општина Вевчани”.

**Бр. 08-41/9**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член36 -е од Статутот на општина Вевчани (Статутарна одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Вевчани со арх.бр. 08-9/19 од 14.03.2024 година) и член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Советот на општина Вевчани на седницата одржана на ден 16.12.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна програма за активности на Совет на млади на општина Вевчани за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната програма за активности на Совет на млади на општина Вевчани за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Вевчани“.

**Бр. 08-41/16**
**16.12.2024 год.**

**Совет на општина Вевчани**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 114-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/2019, 275/19, 311/20 и 294/21),Советот на општина Вевчани на осумнаесеттатаседница одржана наден 16.12.2024година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање Согласност на Одлука за определување на надоместок на членовите на управниот одбор во ЈОУДДГ „Планински цвет“ Вевчани**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ**на Одлуката за определување на надоместок на членовите на управниот одбор во ЈОУДДГ „Планински цвет“ Вевчани, донесена од Управниот одбор на ЈОУДДГ „Планински цвет“ Вевчани со архивки број 02-251/7 од 07.12.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-41/17**
**16.12.2024 год.**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врзоснованачлен 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весникна РМ" бр.5/02), член 14 став 2 од Законот за гробишта и погребални услуги (.,Сл.весникна РМ" бр.86/08 и 156/2010), Советот на Општина Вевчани на седницата одржанана 16.12.2024година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За определување на управител на гробишта во Општина Вевчани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува УПРАВИТЕЛ на гробишта во Општина Вевчани кое ќе врши работи на изградба, реконструкција, управуваіе и одржување на гробиштата во Општина Вевчани.

**Член 2**

За Управител на гробишта во Општина Вевчани СЕ ОПРЕДЕЛУВА Јавното претпријатие за комунални работи „Еремја" Вевчани.

**Член 3**

Управителот на гробишта ке управува со гробиштата на подрачето на Општина Вевчани.

Управителот на гробиштата се задолжува да ги усогласи актите и да ги врши сите работи кои се ставени во надлежност на управителот на гробишта, согласно Законот за гробишта и погребални услуги.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08-41/20**

**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 40 став (1) од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.весник на РМ “ бр. 32/2020), член 22 став 1 и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 36 став 1.15 од Статутот на Општина Вевчани (,,Службен гласник на Општина Вевчани “ бр.___), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на 16.12.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДРУГА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**ВОВЕД :**

Просторното и урбанистичко планирање, односно планирање на просторот претставува континуиран процес кој се обезбедува со донесување и спроведување на повеќе нивоа и тоа: Просторен план на РМ, Просторни планови на одредени региони или одредени подрачја од посебен интерес за Републиката и урбанистички планови кои ги донесуваат општините.

Истите претставуваат работи од јавен интерес.

Со просторното и урбанистичко планирање се одредуваат основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- одржлив развој,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите и
- усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Со новиот Закон за урбанистичко планирање од 2020 год., предвидени се неколку вида на плански документи на локално ниво за општини од рурален карактер:

- ***Генерален урбанистички план - ГУП***
- ***Урбанистички план за село - УПС***
- ***Урбанистички план вон населено место - УПВНМ***
- ***Детални урбанистички планови - ДУП***
- ***Урбанистички проект во и вон опфат***

За истите се донесува Планска програма од страна на општината која е основа за отпочнување на електронска постапка **(е-урбанизам)** од 01.05.2015 год. согласно

за Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Со истиот Закон овозможено е и урбанистичко проектирање, односно подетална разработка на една или неколку парцели од мал **опфат** во и вон границите на ГУП-от односно Урбанистичкиот план за село на ниво урбанистички проект.

Со програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Вевчани се уредуваат :

1. Урбанизацијата и видот на урбанистичките планови

2. Извори на финансирање на Програмата

3. Средства наменети за урбанистичко планирање

4. Динамика за извршување на програмата

5. Преодни и завршни одредби

## ***1.УРБАНИЗАЦИЈА И ВИД НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ***

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како на населбата Вевчани така и на поширокaта околина на целата Општина Вевчани.

Со спроведување на горе споменатите поставки локалната самоуправа ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот, економски развој, како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистичкото планирање во 2025 година би требало да се реализираат следните активности:

- Продолжување и завршување на постапката за донесување на УПС Вевчани
- Изработка на Урбанистички Планови вон Населено Место.
- Изработка на Детални урбанистички планови за урбани единици, односно разработка на Блокови како помали плански опфати за кои општината нема донесено ДУП-ови.(на пример: Центар на Вевчани детално е разработен како Блок 1 во УПС Вевчани) и
- Изработка на Урбанистички проекти по иницијатива на општината или правни и физички лица.
- Донесување на предлог одлуки од страна на Советот за изработка на урбанистички планови и нивно прилагодување со важечката законска регулатива.

Како посебни планови согласно чл. 9 став (3) и став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање можат да се донесат и следните планови:

- просторен план на Општината и
- просторен план за подрачје од посебен интерес за Републиката (национален парк или друга категорија на заштитено подрачје, акумулација или изворник на вода, подрачје со обемна експлоатација на минерални суровини, инфраструктурни и сообраќајни коридори, енергетски производни објекти и системи, мелиорациони и други системи и други подрачја од значење за Републиката утврдени со Просторниот план на Републиката.




**Графички приказ на Општина Вевчани со постоечки и планирани површини за донесување на урбанистички планови**

***<u>А). УПС ВЕВЧАНИ со разработка на БЛОК 1 - Центар на Вевчани</u>***

Нацрт верзијата на наведениот план е подготвена од страна на Агенцијата за планирање на просторот и добиени се соодветните согласности и мислења од надлежни институции. Планот е во фаза на обновување на постапката за негово донесување согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

***<u>Б). УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО</u>***

Урбанистички план вон населено место согласно чл.16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесува по потреба за плански опфат кои не се влезени во градежниот опфат согласно генералните урбанистички планови или урбанистичкиот план за село.

Со овој план се уредува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплексни градби вон населбата и другите населени места.

Бидејќи овие урбанистички планови се изработуваат врз основа на предходно издадени услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, нивното донесување ќе биде согласно наведените законски процедури.

Општина Вевчани располага со одредени атрактивни простори, кои не се опфатени со УПС Вевчани и кои треба да се усогласат со Законот за просторно и урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на Урбанистички план вон населено место.

Овие плански зафати се однесуваат на локалитетите:

**1. М.В. ,, Суво Поле,,**

- УПВНМ - Индустриска зона,

Вкупна површина на опфат 12,08 Ха,
КП бр. 2886, 2884, 2885, 2950,2 952, 2967, 2787, 2788/1, 2788/2,7166 и 2784.

Планирана намена на земјиштето: Б1, Г2, Г3,Г4, Д2, Е2.




**2. М.В. ,, Суво Поле,, Локација Л1**

- УПВНМ - **Л1**, Површина на опфат 2,67 Ха,

КП бр. дел одl 3091, дел од 3092, дел од 3093, 3094, 3095, 3096, 3097, 3098, 3099, 3100, 3102, 3103 и 3104.

Планирана намена на земјиштето: Б1, Б2, Г2, Г3,Г4, Д2, Е2.




**3. М.В. ,, Тумба Плешец,, Локација Л2 ,**

- УПВНМ - **Л2**, Ровршина на опфат 5,17 Ха,

КП бр. 2366, 2367, 2368, 3094.

Планирана намена на земјиштето: Б1, Б2, Г2, Г3,Г4, Д2, Е2.




**4. М.В. ,, Дримски Ливади,, Локација Л3 ,**

- УПВНМ - **Л3**, Површина на опфат 1,34 Ха, КП бр. 2470 и 2473.

Планирана намена на земјиштето: А4,Б1,Е2.




**5. М.В. ,, Јанков Камен,, Локација Л4 ,**

- УПВНМ - **Л2**, Ровршина на опфат 5,58 Ха,

КП бр. 6513,6522, 6523, 6524,6525,6523,6527,6528,6529,6530 и 6531.

Планирана намена на земјиштето: А4,Б1,Д2, Е2.




Планот за управување со Споменикот на природата “ Вевчански Извори“ е веќе донесен така да пречката за урбанизирање на оваа локација која се наоѓа во рамките на Споменикот на природата “ Вевчански Извори е одстранета, па може да се отпочне постапка за изработка и донесување на урбанистичка документација.

## ***В. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ***

Согласно новиот Законот за урбанистичко планирање од 2020 година, се предвидуваат за изработка од страна на локалната самоупрва за помали плански опфати, поединечни градежни парцели или неколку катастарски парцели вон плански опфат претежно во м.в. ,,Суво Поле,, и м.в. “Смолеица“.

Истите се донесуваат во постапка иницирана од локалната самоуправа или по барање на правни и физички лица или домашни и странски инвеститори.

Овие планови ќе се донесуваат во текот на 2023 година во зависност од потребите на општината и по барање на заинтересирани правни и физички лица.

Планирани површини за урбанизација со Урбанистички проект од страна на општината за 2023 година се предвидуваат градежни парцели во локалитетите:

- м.в. ,,Суво Поле, Тумба Плешец, Дримски Ливади (вон опфат)
- м.в. ,,Смолејца - Белибрег,, (вон опфат)
- м.в. ,,Јанков Камен,, (вон опфат)
- м.в. ,,Попадина,, (вон опфат)
- м.в. ,,Зодишта,, (вон опфат) и сл.

Истите се наведени во Програмата како алтернативни планови на УПВНМ, односно урбанизирање на помали опфати од една, две или неколку катастарски парцели, како и изработка на урбанистички проекти за инфраструктура.

## ***Г. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ***

Според чл. 13 став 1 од законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Сл.весник на РМ,, бр. 32/2020), Детален урбанистички план се донесува за плански опфат, за кој претходно е донесен Генерален урбанистички план или **Урбанистички план за село**.

Општина Вевчани досега нема донесено Детален или Детални урбанистички планови за одредени опфати според ГУП-от.

За 2025 година се планираат да се донесат следните детални урбанистички планови:

1. **Изработка на Детални Урбанистички Планови за одредени делови од населбата по Блокови согласно намената на земјиштето од УПС Вевчани:**

- **Продолжување на постапката за разработка на Блок 1 (ДУП).**

Истиот се разработува во рамките на УПС од страна на Агенцијата за планирање на просторот. Го опфаќа централниот дел на населбата, односно самиот центар на Вевчани.




- **Детален Урбанистички План за Блок 16.**

Опфаќа неколку катастарски парцели на м.в. "Смолеица"(стар базен). Површина на опфат изнесува околу 0,71 Ха, КП бр. 6220, 6221, 6222,6223,6224,7184,1,2 и 3.

Намена на земјиштето: А4,Б1,Д2, Е2.




- **Детален Урбанистички План за Блок 2.**

Опфаќа неколку катастарски парцели на м.в. "Попадина".

Површина на опфат изнесува околу 0,92 Ха,

КП бр. 1402, 1469, 1470, 1471 и 1472.

Намена на земјиштето: А4,Б1,Д2, Е2.




Со горенаведените локации ќе се аплицира за нивна изработка до Министерството за транспорт и врски на РМ согласно јавниот повик за предлог локации за урбанизирање, односно годишната програма на Владата на РМ.

Во долната табела се дадени планираните локации за изработка на урбанистички планови, површината на опфат, вид на планот, намената, сопственост на земјиштето како и приближна проценка на чинење на планот.

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Табеларен преглед на локации за изработка на Урбанистички планови**

| Р. бр. | Локација (м. в.) | Р (ха) | Вид на план | Намена | Проценета вредност ( € ) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **А.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО - УПВНМ** | | | | | | |
| 1. | м.в. "Суво Поле" - индустриска зона | 12,1 ха | УПВН М (УП) | Идустрија (лесна незагадувачка индуструја), трговски центар, бензиска пумпа, мало стопанство, винарии, сервисни услуги, комунална супрастуктура, | Според тарифник за УП | претежно државно земјиште |
| 2. | м.в. "Суво Поле" Л1- во продолжение на бензиска пумпа | 2,7 ха | УПВН М (УП) | Идустрија (лесна незагадувачка индуструја), трговски центар, мало стопанство, сервисни услуги, комунална супрастуктура, | Според тарифник за УП | претежно државно земјиште |
| 3. | м.в. "Тумба Плешец" Л2 | 5,2 ха | УПВН М (УП) | Идустрија (лесна незагадувачка индуструја),трговски центар, мало стопанство, винарии, сервисни услуги, комунална супрастуктура, | Според тарифник за УП | претежно државно земјиште |
| 4. | м.в. "Дримски Ливади" Л3 | 1,3 ха | УПВН М (УП) | Времено сместување - викендици, мотел, камп, мали комерцијални и деловни активности, комунална супрастуктура, | Според тарифник за УП | претежно државно земјиште |
| 5. | м.в. "Јанков Камен" Л4 | 5,6 ха | УПВН М (УП) | Времено сместување - викендици, мотел, камп, мали комерцијални и деловни активности, комунална супрастуктура, | Според тарифник за УП | претежно државно земјиште |
| | | | | | | |
| **Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - ДУП** | | | | | | |
| 1. | м.в. "Белибрег" Блок 18 | 6,2 ха | ДУП | Времено сместување- викендици, Угостителство и туризам -хотели, мотели, | Според тарифник за УП | државно земјиште + приватна сопственост |
| 2 | м.в.“Смолејца “ Блок 16 | 0,7 ха | ДУП, | Угостителство и туризам -хотели, мотели, комерција | Според тарифник за УП | државно земјиште + приватна сопственост |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | м.в. "Попадина" Блок 2 | 0,9 ха | ДУП | Времено сместување- викендици, домови ,Угостителство и туризам - хотели, мотели, мали комерцијални активности | Според тарифник за УП | државно земјиште |
| | | | | | | |

**Напомена: Чинењето на изработката на поединечните планови во табелата се пресметува според тарифникот за изработка на урбанистички планови.*

*Истата се пресметува од страна на изработивачот на планот согласно тарифникот за изработка на урбанистички планови.*

***2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА***

Програмата за урбанистичко планирање и изработка на урбанистичка долументација на територијата на Општина Вевчани, согласно Закон ќе се финансира од буџетот на општината за 2025 година, од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти - легализација, од заинтересирани правни и физички лица, донации и од Годишните Програми на Владата на РМ, односно Минстерството за транспорт и врски.

***3. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ***

Општина Вевчани ја финансира реализацијата на Програмата за изработката на урбанистички планови со средства предвидени во Буџетот за 2025 година во износ од ________________ денари.

Трошоците за изработка на Урбанистичкиот проект, односно финансирањето на истиот паѓаат на терет на иницијаторот.

***4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА***

Динамиката на извршувањето ќе зависи создадените правни, технички и други услови, како и од приливот на средства од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, дотации, донации и други средства.

***5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Годишната Планска Програма за донесување на урбанистички планови е од отворен вид и секогаш кога ќе се појават заинтересирани субјекти за изработка на урбанистички планови или урбанистички проекти може да се измени и дополни со нови предлози за изработка на урбанистичка документација со финансирање од страна на иницијаторите односно правните и физички лица.

Програмата може да се изменува и дополнува во текот на годината доколку има потреба од истото.

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Вевчани преку Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на Општина Вевчани.

Оваа програма влегува во сила веднаш од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Вевчани"

**Бр. 08-41/10**
**16.12.2024 год.**

**Совет на Општина Вевчани**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 99, став 1, алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ" бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ", број 5/2002), Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на ден 16.12.2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

Со донесувањето на новиот Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. . 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на РМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општина Вевчани донесува Советот на Општина Вевчани.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.
Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во Градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата може да го пренесе на општините.
Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.
Градежното земјиште е добро од општ интерес за државата, а уредувањето на градежно земјиште е од јавен интерес.
Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.
Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.
Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.
Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.
Објект од траен карактер е објект поставен со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.
Објект од привремен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.
Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.
Прометот со градежното земјиште е слободен.
Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

- **ПРОСТОРЕН ОПФАТ И ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во државна сопственост што се наоѓа на територијата на Општина Вевчани, дефинирана според територијалната организација на РМ за време на календарската 2023 год.
**Просторниот опфат на Програмата е дефиниран со опфатот на важечките урбанистички планови за Општина Вевчани „Урбанистички**

**план за село (ГУП) донесен од страна на Советот на општина Вевчани со Одлука бр. 07-183/10 од јуни 1999 година“, согласно чл. 2 точка 1 и чл. 4 точка 1 од Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. . 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/16),** – Градежно земјиште е земјиште изградено и неизградено кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Предмет на Програмата** за менаџирање на градежно земјиште во државна сопственост се дефинираните градежни парцели кои се наоѓаат во и вон населеното места и локалитети кои се опфатени со урбанистички планови приложени во Програмата.

- **ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА**

**Законски основ за изработка на програмата**

Законски основа на Програмата за управување со градежно земјиште се:

- Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002)
- Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр.15/2015)
- 

**Основни плански документи**

- Локален еколошки акционен план (Зелена агенда) на Општина Вевчани 2006
- Урбанистички планови за села (УПС), Урбанистички планови вон населени места (УПВНМ) и Урбанистички проект (УП).
- Програма за изработка на урбанистички планови 2022 г.

## ПРОГРАМА

## 1. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 1.1. Општи цели на програмата

Севкупниот социо-економски развој на Општината се обезбедува со донесување на Стратегии за развој и Акциони планови за работа од општ и посебен карактер, базирани на претходно изработени проценка и анализа на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности.

Со Законот за градежно земјиште дадена е можност на Општината, спроведувањето на Акционите планови за развој најсоодветно да ги реализира согласно потребите од простор за организирана дејност на заедницата со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во Општината.

Програмата ги поставуваат основите за правилно управувањесо градежното земјиште со обезбедување услови на заедницата за долгорочен и одржлив социо-економски развој.

### 1.2. Конкретни цели на програмата

Управувањето на градежното земјиште е условено од потребите на одредени субјекти за реализација на својата дејност, а во согласност со Акционите планови на Општината.

Конкретните програмски определби за управувањето со градежното земјиште, придонесуваат за населените места, локалитети, користење на локални ресурси , вработување на лица и сл.

Со враќање на приливот на средствата од продажбата на градежното земјиште во општинскиот буџет се зголемуваат можностите на општината да инвестира во инфраструктурни објекти за потребита на граѓаните на општината .

## 2. ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Согласно Законот за градежно земјиште, управувањето ќе биде спроведено преку следните модалитети на правото на градежно земјиште во сопственост на РМ: да се отуѓува, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде под долготраен закуп, да се даде под краткотраен закуп, да се разменува.

**2.1 Детален преглед на градежни парцели групирани по предвидена активност се дадени во табеларните прегледи во Програмата**

- **Градежни парцели кои се опфатени со УПС Вевчани (ГУП), КО Вевчани, Општина Вевчани, донесен од страна на Советот на општина Вевчани со Одлука бр. 07-183/10 од јуни 1999 година“.**

**- Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на непосредна спогодба** (табела 1, 2)

**Табеларен преглед бр. 1 со графички прилози**

| Реден бр. | Број на Градежна парцела | Број на катастарска парцела КО Вевчани | Површина на градежна парцела (м2) | Површина на градба (м2) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец катност | Почетна / Утврдена Цена по м2 | Вкупно почетна/утврдена цена (денари) | Намена на земјиште (компатибилна класа) | Основна намена на земјиште (опис) | Бруто развиена површина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ГП-2 | дел од КП 4641 | 537,03 | 265,75 | 50,5 | 2,02 | 7,5 м П+1 | | | Г2 (Б1), (Е2) | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија | 265,75 |

- **Табеларен преглед бр. 2 со графички прилози**




| Реден бр. | Број на Градежна парцела | Број на катастарска парцела КО Вевчани | Површина на градежна парцела (м2) | Површина на градба (м2) | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена височина до венец и катност | Почетна / Утврдена Цена по м2 | Вкупно почетна/утврдена цена (денари) | Намена на земјиште (компатибилна класа) | Основна намена на земјиште (опис) | Бруто развиена површина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | ГП-3 | дел од КП 4641 | 792,00 | 216,17 | 72,8 | 3,66 | 7,0 м<br>П | | | Г2 (Г4) (Б1) (Е2) | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија | 216,17 |




- **Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**

- **Градежни парцели кои се предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство се:** не се предвидуваат.

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање се**: не се предвидуваат.

- **Градежни парцели кои се предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање:** не се предвидуваат

## 3. МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Стратегијата преставува план на акции за остварување на поставените цели.
Промоција на градежното земјиште во државна сопственост кое ќе биде на располагање на подрачјето на Општина Вевчани, ќе биде согласно стратегијата која како средство за исполнување на бизнис целите преку Акционите планови за развој на Општина Вевчани ќе овозможи одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во општината.

### 3.1. Дефинирање на целни групи на градежни парцели

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересирани страни за купување на одредени делови на градежно земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијални купувачи на градежното земјиште и идни инвеститори.
Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да биде различни.
*Согласно тоа идентификувањето на целните групи ќе биде по спроведените анкети, форуми, консултации со заинтересирани субјекти* претходно изработени процени и анализи на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности

### 3.2. Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали

Во зависност од идентификуваните целни групи односно заинтересираните субјекти ќе се поставаат најефикасните маркетинг пристапи за комуницирање односно промовирање на понудата до заинтересираните страни, бидејќи само така ќе се обезбеди испраќање

на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

### 3.3. Дефинирање на временска рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

Маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата.

## 4. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 4.1. Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната програма да се објават во турнуси.
Секој турнус ќе опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени маста, урбани блокови и локалитети.
Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите на реализацијата на Буџетот на општина Вевчани, односно реализацијата до крајот на годината ќе се одвива по потреба.

### 4.2. Пропишување на условите за наддавање

Се пропишуваат односно се определуваат следниве параметри:
- Висина на депозит за учество
- Јавното наддавање ќе се врши на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk
- **Услови за учество на електронско јавно наддавање:**

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат, преку информацискиот систем поставен на страницата www.gradezno-zemjiste.mk, при што потребната документација се доставува во скенирана копија (воPDF.) или фотографија од документите во (jpg. или jpeg.). Подносителот кој учествувал на јавното надавање и понудил највисока понуда е должен документите кои ги доставил во електронска форма согласно погоре наведеното, да ги достави и во оргинал пред склучување на договори солемнизација на истиот пред нотар:

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоците за што се однесува истата, како и што се доставува во прилог на пријавата (кои документи);
2. Доказ за платен депозит;
3. За физичките лица уверение за државјанство;
4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистер;
5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице на правното лице и
6. E-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.
7. Фотокопија од лична трансакциона сметка на која ќе може да им биде вратен депозитот за учество на јавното наддавање.

**Пријавите кои не се комплетирани со овие**

**докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање, зашто подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.**

**Постапка**

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од три дена од денот на поднесувањето на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.
2. На денот на одржување на електроското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.
3. Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање за секоја градежна парцела посебно.
4.Електронското јавно наддавање го следи Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Вевчани.
5. Електронското јавно наддавање започнува со објавување на почетна цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.
6. Наддавањето се врши “чекорно” со зголемување на вредноста со секој “чекор”. Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежно земјиште, но не помалку од 10 денари, со заокружување до наблискиот цел број во случаи кога висината на минималниот чекор преставува децимален број.
7. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.
8. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда
9. Електронското јавно наддавање може да трае и пократко од предвидениот временски рок, доколку учесниците на јавното наддавање се откажале од натамошно наддавање и останал само еден учесник кој се смета за најповолен понудувач.
10. Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.
11. Комисијата по завршувањето на јавното

наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

12. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од денот на завршување на постапката за јавно наддавање да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и до Комисијата да достави доказ за извршената уплата со целокупната документација потребна за учество на јавното надавање.

13. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средства во утврдениот рок, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување и депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени, а истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

14. По извршената уплата во утврдениот рок Градоначалникот на Општина Вевчани склучува договор со најповолниот понудувач за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Со договорот најповолниот понудувач (купувачот) се обврзува во рок од 30дена од давањето, односно недавањето на мислењето од Државното правобранителство на Република Северна Македонија истиот да го достави кај нотар заради солемнизација. По солемнизација на договорот купувачот, односно закупецот ед олжен, да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од девет месеци од извршената солемнизација на договорот каде што предмет на договорот е градежна парцела со површина до 5.000 м$^2$, односно во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот каде што предмет на договорот е градежна парцела над 5.000м$^2$ и да ги изгради објектите со гласно урбанистичкиот план по кој земјиштето е отуѓено, во рок не подолг од 2 (две) години од добивање на правосилно одобрение за градење за објекти со бруто изградена површина до 1000 м2, односно во рок од 4 (четири) години од добивање на правосилно одобрение за градење за објекти со бруто изградена површина над 1000 м2, согласно добиеното одобрение за градење. Воспротивно договорната казна за непочитување на роковите е во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4.5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.

15. Најповолниот понудувач се обврзува да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот договор за оттуѓување на градежното земјиште.

16. Во цената на градежното земјиште не е вклучен

надоместокот за уредување на градежното земјиште.

17. Трошоците за нотарската процедураи воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

18. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рокод 3 дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот со решение Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од приемот на истиот.

**ЕЛЕМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ОБЈАВАТА**

Објавата за отуѓување, односно за давање под долготраен закуп на градежно земјиште во државна сопственост за должително ги содржи следните податоци за:

- градежното земјиште кое е предмет на отуѓување или долготраен закуп (намена, површина на градежна парцела, катастарски парцели кои се опфатени со градежната парцела, површина за градба, бруто изградена површина, коефициент на искористеност, процент на изграденост, катности/или висина, и друго),
- почетната цена по метар квадратен за градежното земјиште кое е предмет на отуѓување, односно почетна цена по метар квадратен за годишна закупнина за градежното земјиште кое се дава под долготраен закуп,
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање,
- времето наз апочнување и времетраењето на јавното наддавање,
- условите за учество на јавното наддавање за странските физички и правни лица,
- депозитот за учество на јавното наддавање кој изнесува од 10% до 30% од вкупната почетна цена за отуѓување, односно од 10% до 30% од вкупната почетна годишна закупнина кога земјиштето се дава под долготраен закуп, како и сметка на која се уплатува депозитот,
- обврската на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на известување за избор по електронски пат, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела,
- рокот за прибавување на одобрение за градење, како и рокот за изградба на објектот,
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавното наддавање, потребен број на учесници согласно со закон, минималниот чекор на зголемување на вредноста пометар квадратен на градежното земјиште, дефинирање на почетокот и крајот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, рокот за враќање на уплатениот депозит, обврски за исплата на данокот на промет, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) - интернет

страницата на која ќе се врши јавното наддавање и
- другио бврски што треба да ги исполни најповолниот понудувач, кои би биле утврдени со договорот за отуѓување, односно давање под долготраен закуп.
Објавата ја изготвува и ја дава за објавување Комисијата согласно закон и конкретната програма.

Пропишување на други обврски и останати релевантни информации во врска со наддавањето.

### 4.3. Надлежности за реализација на Програмата

Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на државата, има Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Вевчани согласно Законот за градежно земјиште.

## 5. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (Приходна страна на Програмата)

Проценка на финансиските приходи кумулативно за секое населено место одделно, споредпросечната пазарна цена за м$^2$ градежно земјиште по зони ќе биде определена.

## 6. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (Расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмите ги опфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следниве активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување
- Трошоци по основ на експропријација
- Трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните парцели што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Програмата ја усвојува Советот на општината.

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општината.

**Бр. 08-41/11**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 7 став 1 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18, 302/20), Советот на општина Вевчани на втората седница одржана на ден 16.12.2024 година, донесе:

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

Со оваа програма се планираат мерки и активности за изградба на нови и одржување на постоечките објекти на комуналната инфраструктура на територијата на Општина Вевчани за 2025 година со цел обезбедување на услови за континуирано извршување како и унапредување на квалитетот на испорака на комуналните услуги за задоволување на индивидуалната и заедничката потрошувачка во општина Вевчани.

Реализацијата на мерките и активностите предвидени со програмата, односно финансирањето и изградбата на објектите од комуналната инфраструктура ќе се врши согласно динамиката на обезбедени средства во буџетот на општина Вевчани од следните извори на финансирање: надоместок (цена) за дадена комунална услуга за индивидуална комунална потрошувачка утврдена со закон; надоместок за користење на објекти и дадена комунална услуга за заедничка комунална потрошувачка утврден со закон; комунална такса утврдена со закон; надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со закон; средства од буџетите на државата, фондовите и буџетот на Општина Вевчани и средства обезбедени од донации, грантови и други извори на финанирање определени со закон.

**II**

Со програмата за финансирање на изграба и одржување на објектите на комуналната инфрастурктура за 2025 година се планира превземање на следните мерки и активности:

| Р.б | Планирана активност | Опис на активноста |
|---|---|---|
| 1 | Изградба на повеќенаменско отворено игралиште во рамките на спортско образовниот комплекс во Вевчани | Во рамките на спортско образовниот комплекс во Општина Вевчани планирана е изградба на повеќенаменско игралиште (ракомет и кошарка) во соработка со Министерството за спорт. Општина Вевчани има изработено и поднесено техничка документација за финансирање на изградбата на повеќенаменското игралиште до Министерството за спорт за реализација на проектот во 2025 година. |
| 2 | Изградба на отворено детско игралиште со парковски површини во централниот дел на Вевчани | Во рамките на спортско образовниот комплекс во Општина Вевчани планирана е изградба на детско игралиште во соработка со Министерството за спорт. Општина Вевчани има изработено и поднесено техничка документација за финансирање на изградбата на детското игралиште до Министерството за спорт за реализација на проектот во 2025 година. |
| 3 | Партерно уредување со хортикултурно обликување на плоштатки, зелени површини и поставување на | Согласно урбанистичко-архитектонските - планови, предвидено е партерно и холтикултурно уредување на |

| | | |
|---|---|---|
| | урбана опрема и осветлување низ населбата | мали простори (плоштатки), зелени површини, простпри за одмор и поставување на урбана опрема и осветлување низ населбата. Овие активности ќе се одвиваат во текот на целата 2025 година, согласно динамиката на обезбедување на средства во буџетот на Општина Вевчани. |
| 3 | Реконструкција на постоечките и изградба на нови водоводни и канализациони линии на територијата на Општина Вевчани | Во текот на 2025 година се планирани активности за изработка на техничка документација, изградба и реконструкција на водоводни и канализациони линии на територијата на Општина Вевчани. |
| 4 | Изградба, реконструкција, одржување и чистење на отворените одводни канали во урбаниот опфат на Општина Вевчани | Активноста опфаќа чистење и одржување на постоечките бетонирани отворени канали за одведување на амтосферските води. Еден од главните приоритети на општина Вевчани е реконструкција, односно продолжување на активностите за бетонирање на отворените одводни канали во урбаниот опфат кои не се бетонирани, а предизвикуваат проблеми со излевање на вода низ улиците за при поинтезивни врнежи на дожд. Општина Вевчани веќе отпочна активност за изработка на ажурирана геодетска подлога со цел изработка на основен проект за изградба бетонирање на отворените одводни канали со цел обезбедување на средства за реализација на градежните активности. |
| 5 | Уредување, одржување и чистење на парковите, зелените и рекреативните површини и другиот јавен простор | Континуирно во текот на 2025 година ќе се реализирааат мерки и активности за уредување, одржување и чистење на парковите, зелените и рекреативните површини и другиот јавен простор на територијата на општина Вевчани. |
| 6 | Изградба и одржување на јавното осветлување на територијата на Општина | Оваа активност опфаќа тековно одржување на системот за јавно осветлување, односно |

| | | |
|---|---|---|
| | Вевчани | континуиран замена на дотраените постоечки светилки со нови, замена на дотраените бандери со нови и поставување на нови бандери и светилки за осветлување на нови места согласно утврдената потреба. |

**III**

Реализацијата на годишната програма за финансирање на изградба и одржување на објектите на комуналната инфраструктура на Општина Вевчани за 2025 година ќе се одвива согласно динамиката на обезбедување на средства во буџетот на Општина Вевчани за 2025 година.

Реализацијата на програмата ја врши градоначалникот на Општина Вевчани, односно Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на општина Вевчани.

**IV**

Оваа програма влегува во сила соденот на објавување во „Службен гласник на општина Вевчани“

**Бр. 08-41/12**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 14-а од Статутот на општина Вевчани, а во врска со член 14 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08, 52/09, 114/09, 160/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 35/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21), советот на Општина Вевчани на седницата одржана на ден 16.12.2024 година донесе:

## ПРОГРАМА

## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

**I**

Со оваа годишна програма се предлагаат мерки и активности за изградба, реконструкција, заштита и одржување на одредени патни правци, локални улици и патишта на територијата на општина Вевчани за 2025 година со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и комуникацијата и безбедноста на корисниците на овие инфраструктурни градби.

Средствата за реализација на оваа програма планирано е да е обезбедат од повеќе извори на финансирање меѓу кои позначајни се следните:

| |
|---|
| **Буџет на општина Вевчани за 2025 година** |
| **Трансфери од ЈПДП до ЕЛС за одржување на општински патишта** |
| **Министерство за транспорт и врски – Проект за поврзување на локални патишта** |
| **Министерство за транспорт и врски – Капитални дотации до ЕЛС за инфраструктурни проекти** |
| **Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој** |
| **Центар за развој на Југозападниот плански регион** |

**II**

Со програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на

локалните патишта на територијата на општина Вевчани за 2025 година, согласно динамиката на обезбедени средства во буџетот планирана е реализација на следните следните активности и проекти:

| Р. б | Планирана активност | Опис на активноста |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на техничка документација за изградба на нови и реконструкција на постоечки локални улици и патишта | Како дел од оваа активност предвидено е изработка на комплетна техничка документација за изградба на нови и реконструкција на постоечки локални улици и тоа: изработка на елаборати за геотехнички истражни работи; изработка на основни проекти за изградба и реконструкција на локални улици со вклучена ревизија; изработка на основни сообраќајни проекти со вклучена ревизија; изработка на елаборати за влијание на проектите врз животната средина и друга потребни елаборати и проекти. <br><br> Во текот на 2025 година планирано е изработка на потребна техничка докментација за реконструкција на повеќе локални улици и патишта меѓу кои: Центар-Вевчански извори; Стванци – Зелен пазар; Центар – Вевчански извори; Алулој – Смолејца, Аврамој – Кожеј; |
| 2 | Изградба и реконструкција локални улици и патишта | Врз основа на обезбедените финасиски средства за изградба на локални улици и патишта од буџетот на општина Вевчани, како и обезбедените средства од други донатори, во текот на 2025 ќе отпочнат градежни работи за изградба и реконструкција на повеќе локални улици меѓу кои: <br><br> Реконструкција на локална улица Трафо Бебекој – Варвара; <br><br> Реконструкција на локална улица Центар – Дејков мост; <br><br> Реконструкција на локална улица Зелен пазар – Трафо |

| | | |
|---|---|---|
| | | Бебекој;<br><br>Реконструкција на локална улица Стванци – Зелен пазар;<br><br>Реконструкција на локална улица Ќитано плевне – Бебекој;<br><br>Реконструкција на локална улица Трафо-Бубаној-Смолејца (фаза 1);<br><br>Реконструкција на локална улица Костојчини;<br><br>Реконструкција на локална улица Каланој; и др. |
| 3 | Реконструкција на мостови на Вевчанска река | Како дел од оваа активност планирано е превземање на мерки и активности за изработка на техничка документација и реализација на градежни работи за реконструкција на мостовите по должината на Вевчанска река. Со оваа активност предвидено е реконструкција на мостовите „Костојчини“ и „Русеј“, како и реконструкција на мостовите по должината на шеталиштето на Вевчанска река. |
| 4 | Подобрување на инфраструктурата за пристап до земјоделското земјиште во атарот на општина Вевчани | Зголемениот интерес за обработување на земјоделските површини и отсуството на инвестиции за одржување и унапредување на инфраструктурата за пристап до земјоделското земјиште ја наметнува потребата од превземање на градежни работи за чистење, пробивање, насипување, прамнување и тампонирање на пристапните патишта до земјоделските површини меѓу кои позначајни се пристапните патишта: Вердани; Средни пат; и др. |
| 5 | Реконструкција на потпорни ѕидови на локални улици и патишта | Со цел заштита и одржување локалните улици и патишта, поради дотраеноста и целосната амортизираност потребно е реконструкција на потпорни ѕидови на одредени локални патишта на територијата |

| | | |
|---|---|---|
| | | на општина Вевчани. |
| 6 | Реконструкција на отворени канали за одведување на површинските води од локалните улици | Одведувањето на површинските води од локалните улици во општина Вевчани се одвива преку отворените бетонски канали. Дел од овие канали како резултат на дотраеноста се во лоша состојба и предизвикуваат проблеми особено за време на интензивните врнежи. Потребна е нивна реконструкција со цел подобрување на нивната функционалност. Со оваа активност приоритет ќе се даде на одредени отворени канали кои во континуитет предзвикуваат проблеми на одредени места. |
| 7 | Тековно одржување на локални улици и патишта | Континиурано во текот на 2025 година ќе се превземаат мерки за одржување на локалнита улици и патишта. Одржувањето на локалните улици и патишта опфаќа крпење на ударни дупки на улиците, чистење на сливниците, одводните канали и пропустите, расчистување на страниците од улиците од грмушки и треви и сл.<br><br>Хоризонталната и вертикалната сигнализација ќе се одржува редовно со обележување на осовини на главните улици, пешачки преимини, како и поставување на нови и замена на дотраените оштетени сообраќајни знаци и патокази пред се на главните сообраќајни правци. Одржувањето на улиците за време на зимкиот период ќе се врши соглано програмата за зимско одржување на локалните улици и патишта на општина Вевчани за 2025 година преку јавното комунално претпријатие ЈП Еремја Вевчани. |

**III**

Реализацијата на годишната програма за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локалните патишта на територијата на општина Вевчани за 2025 година ќе се одвива согласно динамиката на обезбедување на средства во буџетот на општина Вевчани за 2025 година.

Реализацијата на програмата ја врши градоначалникот на општина Вевчани, односно Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на општина Вевчани.

**IV**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Вевчани"

**Бр. 08-41/13**

**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл.Весник на РМ" бр.113/7, 149/15 и 53/16 ) Советот на општина Вевчани на осумнаесеттата седница одржана на 16.12.2024 година, донесе:

**Програма за здравствена заштита, стерилизација и вакцинација на бездомни кучињаза 2025 година**

## 1.Цел на Програмата

Надлежност на Општина Вевчани е заштита и благосостојба на бездомните животни – кучиња.

Оваа Програма има за цел да ги утврди активностите во рамки на таа надлежност, за третирање на животните скитници, условите, организацијата како и начинот на финансирањето на програмските активности.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, и според законот за заштита и благосостојба на животните, како единствено можен е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни.

Тоа од насока на почитување на законските и морални начела и принципи во третманот на бездомните кучиња.

Хуманиот начин на третирање на животните скитници подразбира стерилизација на здравите животни и создавање на услови за нивен хуман понатамошен третман и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите препорачани од Светската организација за заштита на животните и Законот за заштита и благосотојба на животните.

Овој програма има за цел воспоставување на правила за начинот на кој ќе се постапува со бездомните кучиња, во услови кога за тоа не се обезбедени стационар илиприфатилиште.

Имено, со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување. Ефикасна програма е дејствување во функција на превенција како најдобро решение и хуман третман – за добросостојба на луѓето, околината и на животните. Залови – стерилизирај - вакцинирај - врати е востановена како еднинствена ефикасна стратегија која ние ја предвидуваме.

## 2. Овластувања и одговорности

Од причина што до моментот на донесување на овој Правилник, во

Општина Вевчани нема стационар или пак прифатилиште за времено чување на бездомните животни, произлегува дека единствен начин на остварување на обврските во насока на заштита како на бездомните животни, така и на месното население е склучување на Договор со правно лице од областа на ветеринарството, кој ги исполнува условите согласно законот за благосотојба и заштита на животните.

Програмата за решавање на проблемот со животните скитници на подрачјето на Општина Вевчани е заснована на нивна перманентна контрола (во текот на една година) на територијата на цела општина,а не во организирани повремени активности и ги предвидува следните активности:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до ветеринарната станица (амбулнта),
- прием и клинички преглед,
- идентификација и водење евиденција,
- стерилизација,
- постоперативно сместување,
- вакцинација и дехелментација,
- обележување со ушна маркица или микро чип;
- еутаназија на болни и опасни по средината животни.
- можност за вдомување на веќе обележаните и вакцинирани животни.

**4.Финансирање**

Потребните сретства за реализација на оваа програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година .

**5. Надзор**

Надзор над извршувањето на Програмата врши одделението за комунални работи, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство (надлежности кои произлегуваат од Законот за заштита и благосостојба на животните) и Здруженијата за заштита на животните.

**6.Завршни одредби и Заклучок**

Оваа програма се носи тргнувајќи од хумани, човечки побуди, и има цел да обезбеди живот на бездомните кучиња, без притоа тие да предизвикуваат пречка во животот на граѓаните.

Програмата ќе се достави до Агенцијата за храна и ветеринарство на увид и нејзино одобрување.

Активностите согласно оваа програма,ќе престанат во оној момент кога на територијата на Општина Вевчани ќе се отвори прифатилиште или стационар.

Оваа Програма влегува во сила три дена по објавувањето во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-41/14**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 06/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 14-а од Статутот на општина Вевчани, советот на Општина Вевчани наосумнаесеттата седница одржана на 16.12.2024 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**I**

Со оваа програма ќе се реализираат активности од локален интерес во културата во општина Вевчани за 2025 година. Целта напрограмата е институционална и финансиска поддршка на културни проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, како и поотикнување на

разновидни специфични форми на творештво на територијата на општина Вевчани.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на општина Вевчани за 2025година, Програма К4 – Културни манифестации и творештво.

**II**

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следните активности:

| Р.б. | Активност | Носител на активноста | Извори на финансирање | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ЕЛС | Други извори |
| 1 | Организација на забавен дел, медиумска и техничка поддршка на настанот Вевчански карневал 2025 година | Општина Вевчани | | 1 500 000,00 |
| 2 | Поддршка на василичарските друштва за реализација на нивната годишна програма | Василичарски друштва од горна и долна мала | 60 000,00 | |
| 3 | Фолклорен фестивал ПОБРАЖЕЊЕ Вевчани | Здружение Културно уметничко друштво ДРИМКОЛ Вевчани | 40 000,00 | |
| 4 | Вевчанско културно лето | Општина Вевчани, локални здруженија на граѓани, уметници, автори и други индивиудални културни работници | 90000,00 | |
| | **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА:** | | 190 000,00 | 1 500 000,00 |

**III**

Реализацијата на годишната програма за финансирање проекти од локален интерес во културата за 2025 година ќе се одвива согласно динамиката на обезбедување на средства во буџетот на општина Вевчани за 2025 година.

За реализација на планираните активности кои се дел од оваа програма носителите на активностите поднесуваат барање за користење на финансиска поддршка со образложение за планираната активност до градоначалникот на општина Вевчани.

**IV**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Вевчани“

**Бр. 08-41/18**

**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Претседател**

**Леон Даскалоски**

Во согласност со Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 32/2020), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ“ бр.123/08), и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема (Сл. весник на РМ бр. 36/10) донесено од Министерството за транспорт и врски, Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на ден 16.12.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Вевчани за 2025 година

Со оваа програма се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се

уредуваат бројот, видот и големината на урбаната опрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.

Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, во урбаното подрачје на Вевчани, во поширокото подрачје надвор од населбата, како и во заштитеното подрачје на Споменикот на природата "Вевчански Извори.

Согласно одредбите од Законот за градење, урбана опрема дефинирана со овој член се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Вевчани за 2022 година се состои од текстуален и графички дел.

## А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

## 1. Вовед

**Со оваа програма се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се уредуваат бројот, видот и големината на урбаната опрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.**

Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот во градежниот опфат на Вевчани, надвор од него (вон г.р.) како и во заштитеното подрачје на Споменикот на природата "Вевчански Извори".

Согласно член 80 и 80-а од Законот за градење („Сл.весник на РМ" бр.130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22 ), урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено и неизградено земјиште во државна сопственост.

Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-козуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалниге објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации, на копно и на водена површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.**

**Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.**

Оваа урбана опрема ќе се поставува со претходен избор од типски идејни решенија предложени од барателот, одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР на Општина Вевчани или по пат на јавен конкурс.

Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Вевчани за 2024 година се состои од текстуален и графички дел.

## 2. Цели на Програмата

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбаната опрема на територија на Општина Вевчани;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Создавање услови за вработување на невработени лица;
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири и сл.;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

## 3. Видови на урбана опрема

- **<u>Привремени паркинзи, пристапни патеки и рампи</u>**

**Привремени паркинзи, пристапни патеки и рампи на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,60-0,80 м).**
**Се предвидуваат претежно во центарот на Вевчани при одржување на културно-уметнички и традиционални манифестации.**

- **<u>Платформи (бини)</u>**

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.
**Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука**.
**Се предвидува нивно поставување претежно во центарот на Вевчани и во двориштето на основното училиште за време на одржување на културно-уметнички и традиционални манифестации.**
Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

- **<u>Информативни и рекламни паноа</u>**

Информативните и рекламните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на Вевчани, споменикот на природата, планината Јабланица, пешашки патеки, културно историски споменици и објекти и сл.), огласување за културно-уметнички, спортски и други настани и манифестации, реклама на поедини

правни субјекти и угостителски објекти и друго.

Поставувањето на информативните и рекламните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните и рекламните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Се планираат или се веќа поставени на пристапниот пат до Вевчани, на влезот во населбата, во центарот на Вевчани, во и непосредно до Вевчанските извори, по кејското шеталиште на Вевчанска река, останатите делови на населбата (по потреба), како и во Споменикот на природата “Вевчански Извори“

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **<u>Продажба на сувенири, цвеќе и сладолед, билети и весници</u>**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м$^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м$^2$.

Претежно ваков вид на опрема се планира да се постави во центарот на Вевчани, непосредно до влезот во Вевчанските извори, како и пред постоечките продавници и угостителски објекти.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **<u>Интернет пултови, банкомати, телефонски говорници, поштенски сандачиња и сл.</u>**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5 м x 1,5 м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

Се планира да се постават по потрба претежно во центарот на Вевчани.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **<u>Монтажно-демонтажни типски објекти</u>**

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 м$^2$, кои можат да се постават на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

(1) **Обликовни услови**

**-** Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.

**-** На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го

надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.

- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

(2) **Сообраќајни услови**

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

Локациите ќе се одредуваат од страна на Општина Вевчани или Јавното комунално претпријатие пред почетокот на самата манифестација или културниот настан.

(3) **Технички услови**

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација, (мијалник-тоалет).

- Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **Автобуски постојки**

Поставувањето на автобуските постојки треба да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 2,0 - 4,0 м$^2$ и висина до 2,2 м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во рамките на автобуската постојка со натстрешница може да има и клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот и изгледот на автобуските постојки, како и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува според дадениот графички прилог за локации на автобуски постојки кој го утврдува Општина Вевчани.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 1,5м.

Поставувањето на автобуски постојки-натстрешници се предвидуваат на следните локации: во влезот на населбата- м.в. “Штали“, м.в. “Иливја Водејнца“, м.в. “Бералиште“ (постоечка автобуска постојка), како и во центарот на Вевчани.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Се предвидува поставување на јавни санитарни јазли во непосредна близина на Вевчанските извори (веќе е поставен монтажен објект, но не е во функција).



Локациите се дадени во графичките

прилози.

- **Тераси и натстрешници**

Тераси и натстрешници се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 225/20), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува скаладирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

*На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

*****Напомена: Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.**

Опремата за летна тераса се дефинира со основен проект. Со основниот проект се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

*Јавна површина може да се користи за летна тераса за вршење на угостителска дејност со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

*Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

*Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад, центар на населба и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

*Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и наструшници) поставени на една тераса теба да бидат усогласени по боја и форма и да се вклопуваат во непосредната околина сочинувајќи една естетска целина.

*Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да биде прицврстен за подлогата.

*Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

*При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2м.

*Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна
тераса.

*Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

*Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на 2-4 столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

*****Напомена: Доколку натсрешниците се затвараат странично со најлон или било каков друг материјал или се изработуваат како фиксна затворена конструкција, односно просторот се користи како зимска просторија на јавна површина тогаш корисникот на определениот јавен простор ќе плаќа комунална такса преку целата година, а не за одреден период.**

*Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, не смеат да бидат фиксно прицврстени за подлогата и истите треба да имаат висина не поголема од 0,8 м.

*Оградите и жардињерите треба да биде изведени од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

*Во пешачките зони и не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- <u>**Покриени и отворени шанкови**</u>

Покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на физички и правни лица на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и отворени спортско рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

- <u>**Терени за фитнес**</u>

Поставување на урбана опрема за спорт и рекреација на посетителите, како и за спортски настани. Ваквите простори се планирани пред се за фитнес активности и баскет стрит кошарка. Се предвидува поставување на опрема за истите непосредно до основното училиште над тениското игралиште, отворените спортски терени, на м.в. Смолејца, слободни јавни простори покрај кејско шеталиште и покрај други пешачки

патеки.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 169/15).

Минималната висина за слободен простор под самостоечката рекламна табла изнесува 2,4м. сметано од кота на терен.

За поставување на патоказни табли потребно е посебно одобрение од Министерство за транспорт и врски.

- **Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

- **Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуаат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

- **Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди. постоечки локации на ваков вид поставена урбана опрема се: центарот на Вевчани, пред влезот на Вевчански извори, а дополнително по потреба се утврдуваат и локации кај отворениот пазар, училишното двориште и м.в. “Смолеица“.

Локациите се дадени во графичките прилози.

- **Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

- **Јарболи и други туристички обележја (порта, крст, видиковци и сл.)**

Локациите каде ќе може да се постават

јарболи со знаме на државата, знаме на општината, како и други знамиња се веќе постоечките во центарот на населбата, на боровото дрво кај црквата "Св. Никола", кај м.в. "Старца" и др.

- Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод одредени празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи за пригоднат намена. Не е дозволена продажба на храна.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

- **Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери и сл..

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали и продавници, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставува покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин (најлони, застаклување, метални мрежи и слично).

## 4. Критериуми за определување на видот на урбаната опрема

За определување на типот на урбаната опрема која треба да се постави служат следните критериуми:

- функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;

- естетско морфолошки критериуми со што се овозможува редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност;

- материјално експлоатациони критериуми кои ги одредуваат економските аспекти - категорија, време и објекти.

Урбаната опрема која ќе се поставува на подрачјето на Општина Вевчани треба да ги задоволува основните барања за градбата согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20).

- *Со поставување на урбана опрема не смее да се попречувава или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.*

- *Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее на*

*никаков начин да биде трајно прицврстена за подлогата, а поставувањето и отстранувањето треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.*

*- Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.*

*- При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.*

*- При поставување на урбана опрема не смеат да се преземаат градежни зафати и интервенции со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.*

*- При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.*

*- Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5 м.*

*- При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема мора да се запазат следните стандари: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5м до 2,5м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).*

*- Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.*

***- Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.***

***- Максималната дозволена површина на која ќе се постави урбаната опрема пред деловниот објект каде се врши дејноста може да биде најмногу до 30% поголема од вкупната површина на деловниот објект запишана во имотен лист.***

***- Површината која се издава за поставување на урбана опрема може да се даде на користење само на еден барател.***

- Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

- При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1.5м, а во централното градско подрачје 2.5м.

- Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

*Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии.*

- Доколку пешачката површина е поголема од 5,0м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

**При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:**

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опремата за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.

- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај критериумите наведени во оваа програма мора да се почитуват и специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно заштита на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат.

Урбаната опрема може да биде само на едно ниво, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

## 5. Дејности кои можат да се вршат со објекти на урбана опрема

Со урбаната опрема можат да се вршат

дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење (“Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22).
Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со Закон.

## 6. Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Закон за градење (“Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се нарушува основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општина Вевчани.

Урбаната опрема се поставува по добиено **Одобрение за поставување на урбана опрема**, кое го издава Градоначалникот на Општина Вевчани.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема.

Општина Вевчани на почетокот на секоја календарска година ги објавува потребите од определување на локации за поставување на урбана опрема и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Одобрението за поставување на урбана опрема и начинот на неговото издавање (Сл.весник на РМ бр.123/08), Одобрението за поставувње на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Точното позиционирање на урбаната опрема, го одредуваат стручните служби на Општина Вевчани.
Општина Вевчани согласно Законот за градење (“Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) води регистар на издадени одобренија за поставување и отрстранување на урбана опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловен простор, одобрението за поставување може да се издаде само ако корисникот на деловниот простор обавува примарна дејност согласно член 2 од Законот за градење.

Кога површината пред деловниот простор за која се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловен простор.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)
- годишно, за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.)

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општина Вевчани со сета потребна документација во прилог.

**I. За урбана опрема која се поставува за вршење дејност и тоа: елементи за изложување на производи,** продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед и сл.;

1. Основен проект за урбана опрема изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;

2. доказ за регулирано плаќање на административана и комуналната такса;

**II.** За урбана опрема која се поставува за вршење дејност и тоа: тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови:

1. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;

2. Доказ за регистрирана дејност на барателот - Извод од Централен Регистар;

3. Доказ за регулирано плаќање на комуналната такса;

4. Извод од Програма, со микролокациски услови;

**III. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатко-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти:**

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата; За светлечки рекламни паноа основниот проект треба да содржи и фаза Електрика.

**IV. Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за**

**јавни манифестации на копно и на вода, и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење дејност:**

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

**V.** Фонтани

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

**VI.** Урбана опрема од културен и верски карактер

1. Извод од Програма, со микролокациски услови;

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

**VII.** Зона на урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, детско игралиште и фонтани

1. Извод од Програма, со микролокациски услови

2. Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата.

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР при Општина Вевчани.

Надлежните служби при Општина Вевчани вршат увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон и критериумите, начинот и условите за поставување на урбана опрема наведени во оваа програма.

* Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект се издава на име на барателот, физичко или правно лице кое ја обавува дејноста во деловниот објект.

Во зависност од тоа дали барателот е во својство на сопственик или закупец на деловниот објект кон барањето за користење на јавна површина за поставување на урбана опрема се приложува имотен лист не постар од 6 месеци за барател-сопственик на деловен објект и важечки договор за закуп со сопственикот на деловниот објект за барател-закупец, во кој случај Одобрението за поставување на урбана опрема се издадава за период не подолг од времетрањето на договорот за закуп.

* Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,
- престане важењето на одобрението за вршење дејност,
- не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени со вршењето на инспекциски работи во

рамките на нивните овластувања,

* Во случаите од претходно наведеното, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 (шест) месеци.

* Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку од било кои причини престане да важи договорот за закуп на барателот-закупец со сопственикот на деловниот објект.

* Одобрението за поставување на урбана опрема пред деловен објект може да престане да важи пред истекот на времето за кое е дадено доколку во имотен лист се промени сопственоста над деловниот објект.

* Во овие случаи ново одобрение може да се издаде на нов барател кој кон барањето ќе ги приложи претходно наведените прилози.

*** Јавната површина на која се однесува изаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.**

* Даденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

## 7. Извори на финансирање на програмата

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Вевчани се финансира од буџетот на општината, физички и правни лица.

### 7.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

## 8. Динамика на реализација на програмата

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

## 9. Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22).

## 10. Преодни и завршни одредби

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Вевчани преку Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник“ на Општина Вевчани, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр. 08-41/19**

**16.12.2024 год.**

**Совет на Општина Вевчани,**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 100 став 3 и член 101 од Законот за здравствена заштита (Службен весник на РМ бр. 10/2013), Советот на општина Вевчани на осумнаесттата седница одржана на 16.12.2024 година, го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Вевчани**

1. Од член на Управен одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Вевчани, претставник од општина Вевчани СЕ РАЗРЕШУВА:

 1. Бојана Баткоска Шекуткоска

2. За член на Управен одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Вевчани, претставник од општина Вевчани СЕ ИМЕНУВА:

 1. Слаѓана Пржитоска

3. Оваа решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-41/15**
**16.12.2024 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на чл. 50.ст.1.точка 8 и чл.63 од Законот за локлна самоуправа, (Сл. Весник на РМ бр.5/02), а во врска со член 31 став 1 и 4 од Законот за формирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 ), согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Вевчани за 2024 година со арх бр.08-42/14 од 26.11.2023 година,(Службен гласник на општина Вевчани бр. 15/2023) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџет за 2024 година со арх. бр. 08-18/20 од 11.06.2024 година ( Службен гласник на Општина Вевчани бр. 4/2024 ) и Програмата за финансирање проекти од локален интерес во културата за 2024 година бр.01-42/12 од 26.12.2023 година, и согласно Барање на КУД „ Дримкол“ – Вевчани бр. 05-785/1 од 27.11.2024 година, Градоначалникот на Општина Вевчани го донесе следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на средства од Буџетот на Општина Вевчани за 2024**

1. На КУД „Дримкол“ – Вевчани како организатор на Фестивалот на Народна Култура „Пображење“ 2024 , кој се одржува по 14-ти пат од 17-19 Август 2024 година, се одобруваат финансиски средства во износ од 40.000,00 денари.

2. Средствата за таа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Вевчани за 2024 година, Програма К4 – Културни манифестации и творештво.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Одделението за финансиски прашања на Општина Вевчани да изврши исплата на средства во износ од 40.000,00 денари од Буџетот на Општина Вевчани ставка 463110 „ Трансфери до здруженија и фондации “ Програма К4, на КУД „Дримкол“ Вевчани со жиро сметка 270-0563090801-41 депонент ХАЛКБАНК АД Скопје.

4. Решението влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-785/2**
**28.11.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за проширување на средства во буџетот на општина Вевчани за 2024 година**

1. Се објавува, Одлуката за проширување на средства во буџетот на општина Вевчани за 2024 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/1**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта во општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за изградба, реконструкција, заштита и одржување на локални улици и патишта во општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/2**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-846/3**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изработка и донесување на урбанистички планови и друга урбанистичка документација на територијата на општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови и друга урбанистичка документација на територијата на општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-846/4**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за здравствена заштита, стерилизација и вакцинација на бездомни кучиња за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за здравствена заштита, стерилизација и вакцинација на бездомни кучиња за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-846/5**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на**

**Република Македонија на подрачјето на општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/6**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за финансирање на проекти од локален интерес во културата во општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програмата за финансирање на проекти од локален интерес во културата во општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/7**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година**

1. Се објавува, Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/8**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Буџет на општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Одлуката за усвојување на Буџет на општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/9**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Одлуката за извршување на Буџетот на општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/10**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**

1. Се објавува, Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/11**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Вевчани**

1. Се објавува, Решението за разрешување и именување на членови во Управен одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Вевчани, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/12**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за именување член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Планински цвет “ Вевчани како претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади**

1. Се објавува, Решението за именување член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Планински цвет “ Вевчани како претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/13**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на управител на гробишта во Општина Вевчани**

1. Се објавува, Одлуката за определување на управител на гробишта во Општина Вевчани, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/14**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна програма за активности на Совет на млади на општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Одлуката за усвојување на Годишна програма за активности на Совет на млади на општина Вевчани за 2025 година, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/15**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за финансирање на изградба и одржување на објектите од комунална инфраструктура во Општина Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Програма за финансирање на изградба и одржување на објектите од комунална инфраструктура во Општина Вевчани за 2025 година , донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/16**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање Согласност на Одлука за определување на надоместок на членовите на управниот одбор во ЈОУДДГ „Планински цвет“ Вевчани**

1. Се објавува, Одлуката за давање Согласност на Одлука за определување на надоместок на членовите на управниот одбор во ЈОУДДГ „Планински цвет“ Вевчани, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Вевчани, одржана на ден 16.12.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-846/17**
**18.12.2024 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**